# СООПШТЕНИЕ

**Деновиве бевме сведоци на еден нецивилизациски чин на соопштување на невистини, ширење клевети и закани од страна на медиумите СИТЕЛ ТВ и КАНАЛ 5.  Со оглед дека  со ова се повредија легитимните права и интерси на Организацијата за колективно управување на правата на произведувачите на фонограми и уметниците музички изведувачи ММИ, а со тоа се повреди и честа и угледот на  СИТЕ носители на овие права, сметам за должност и обврска да ја информираме јавноста за следното:**

**Наплатата на надоместокот кој ММИ е овластена колективно да го управува во името и за сметка на СИТЕ произведувачи на фонограми и уметници музички изведувачи   не е јавна давачка, ниту такса, туку <u>надоместок</u> заради користење на право кое произлегува од интелектуална сопственост. Надоместокот за јавно соопштување на фонограми и изведби е право востановено со т.н. Римска конвенција, како и во Законот за авторското и други сродни права на РМ, а колективното управување на ова право преку организација основана од носителите на правата, врз основа на дозвола издадена од  Министерот за култура, е  пракса во целиот свет. РМ е меѓу последните земји во регионот  кои дури сега овозможуваат остварување на ова право. Од земјите во регионот, ова право единствено сеуште не се остварува во Црна Гора.**

**Тарифата на ММИ која неодамна се објави во Сл. весник на РМ и стапи на сила, се применува во случај доколку со <u>ДОГОВОР склучен помеѓу ММИ и корисникот, односно  со организација која ги застапува неговите интереси,</u> не е договорена друга висина на доместокот. Договарното утврдување на надоместокот  претставува императив за ММИ . Јавен повик за преговори во врска склучување на договори е веќе објавен на нашата интернет страна: www.mmi.mk**

**Информацијата дека  со наплатата на надоместокот  ќе се *„удри по џебот на граѓаните“*  е сосем неточна. Обврската за плаќање на овој надоместок се однесува само на субјектите кои во обавувањето на дејност ЈАВНО СООПШТУВААТ музика.**

**Невистинити и паушални се  пресметките за износите кои ќе треба да се плаќаат како и висината  на наводно  веќе прибрани средства, како и наводите дека истите се делат на лица  по слободен  избор на организацијата. Овие информации се апсолутно неточни и се наменети со цел да се создаде заблуда во јавноста и погрешна слика за обврзниците кои треба да го плаќаат овој надомест. Во контекст на сето ова, укажуваме дека ММИ сеуште нема започнато со наплата на надоместоците, со оглед на фактот дека за ден на почеток со работа се смета денот по објавувањето на Тарифата во Сл.весник на РМ,  а тоа е 14.11.2012 година.**

**Изјавата пласирана на КАНАЛ 5 дека нивниот медиум и партнерите на нивната групација ќе ја исклучат македонскатат музика од нивната програма е непримерна закана и уцена. Сите ние можеме да претпоставиме што би се случило со еден главен и одговорен уредник на**

**национален концесионер во една Велика Британија, Франција или Германија, кој би излегол во јавноста со изјава дека ќе ја елиминира националната музика од својата програма.Каде е тука моралот и достоинството на нацијата? Каде е почитта кон националните уметници, вклучувајќи ги починатите,сегашните и идните носители на духовното творештво. Зарем нашите уметници се понедостојни од оние во останатите земји во светот???**

**ОСТАНУВА НА СИТЕ НАС да процениме дали сакаме да бидеме општество во кое вредноста на она што претставува одраз на вистинските цивилизациските достигнувања ќе биде засенето со заблудите кои се обидуваат да ги наметнат погорепосочените телевизии кои ја злоупотребуваат својата медиумска моќ и работат на принципот "ијада пати кажана лага станува вистина".**

**(*оваа реакција е резултата на фактот што погорепосочените медиуми оневозможија објавување на интегралниот текст на нашиот одговор во врска изнесените невистини,клевети и лаги,а кое нешто е со Законот за радиодифузија утврдено право на секој кој е засегнат со објавена информација*)**